Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 98, 15 март 2013 година

март 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област историја на Македонија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти - ударни (џез тапани) на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на мал и среден бизнис“ (скрипта) од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Оливер Филипоски од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........42

**ОДЛУКА** за одземање на диплома за завршен втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........45

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........46

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА МАЛ И СРЕДЕН БИЗНИС“ (СКРИПТА) ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА И М-Р ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, како и Одлуката бр.2602-37/3 од 89. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 28.1.2013 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „***Менаџмент на мал и среден бизнис***“ од **доц. д-р Елизабета Митрева** и **пом. асс. м-р Оливер Филипоски**, наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата **„МЕНАЏМЕНТ НА МАЛ И СРЕДЕН БИЗНИС“** е наменета главно за студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува во трети семестар во втора година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Податоци за обем на ракописот. Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 147 страници, од кои на 143 страници е претставен основниот текст, на 4 страници се поместени 91 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторите даваат голем број шеми (58) за сѐ што може на сликовит начин да се претстави со цел полесно да се разбере и запамети материјата од страна на читателот. Во ракописот има неколку табели за поголема прегледност на бројните податоци кои даваат јасна претстава за соодветната тематика.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов. Скриптата е напишана на оригинален начин и во неа е поместена теоријата на менаџментот на малиот и среден бизнис. Авторите на скриптата прилично амбициозно нудат одговор на прашањата со кои се соочува современото деловно работење. Трудот ја разработува проблематиката на менаџментот со мал и среден бизнис и нуди решенија за ефикасно справување со тековните проблеми, како и разни модели и алатки што ќе им помогнат на менаџерите во управувањето со деловните процеси. Во оваа скрипта е дадено значењето и предноста од планирање на деловните процеси и воспоставување систем како поле за развивање различни елементи кои овозможуваат стекнување конкурентска предност на пазарот.

Јазикот на кој е напишана скриптата е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во неа се технички прецизни.

***Краток опис на содржината***

Скриптата „Менаџмент на мал и среден бизнис“ се состои од дванаесет тематски целини: 1. Системи и менаџмент со системи; 2. Важноста на малите и средните претпријатија (МСП) во светската економија; 3. Планирање на работењето во малиот и среден бизнис; 4. Информации и информативни системи во малиот и среден бизнис; 5. Важноста на донесување одлуки во малиот бизнис; 6. Поделба и групирање на работите во малиот и среден бизнис; 7. Координација, опфат на менаџментот и организациски дизајн во малиот и среден бизнис; 8. Решавање конфликти во малиот и среден бизнис; 9. Проектирање систем на мотивација во малиот и среден бизнис; 10. Потребата од екипирање во малиот и среден бизнис; 11. Раководење во малиот и среден бизнис; 12. Неопходноста од контрола на деловните процеси.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во првото поглавје од скриптата е опфатено значењето и улогата на менаџмент системите и управување со истите. Исто така, во поглавјето се опфатени и разработени карактеристиките и поврзаноста на менаџерски функции во малиот бизнис, поделбата на менаџерите и поставувањето на целите зависно од нивото во хиерархијата, како и неопходните вештини што треба да ги поседуваат менаџерите зависно од нивото во хиерархијата. Од правилното проектирање на малиот и среден бизнис ќе зависи нивната ефикасност и ефективност.

Во второто поглавје од скриптата е опфатено значењето и улогата на малите и средни претпријатија (МСП) во светската економија. Исто така, во поглавјето се опфатени и разработени развојот на малиот и среден бизнис во земјите во развој (ЗВР) и во економиите во транзиција.

Во третото поглавје авторите се осврнуваат на планирањето на организацијата на малиот и среден бизнис, кое има за цел да ги проектира и континуирано да ги унапредува деловните процеси и системите. Главната поента во ова поглавје се провлекува низ фазите во планирањето на малиот бизнис, како и подготовката на ефективен бизнис план за развој на малиот бизнис. Тоа им дава за право на авторите на овој труд да им сугерираат и на студентите и на македонските компании да го видат значењето и можностите што ги нуди бизнис планот и совладувањето на методологијата за негова подготовка. Овие сознанија ќе помогнат за остварување на што поголем успех, односно привлекување поголем број купувачи/ корисници, со цел да се оствари поголем профит.

На проблематиката поврзана со информациите и информативни системи во малиот и среден бизнис, нивната примена, важноста за претпријатијата како и проектирање и имплементирање на добар информациони систем авторите го посветиле четвртото поглавје во скриптата.

Петтото поглавје од скриптата авторите го посветиле на комплетното проучување и презентирање на важноста на донесување одлуки во малиот бизнис. Во ракописот е даден процесот на донесување одлуки во малиот и среден бизнис и различни механизми за донесување ефикасни одлуки.

Во шестото поглавје авторите го насочуваат фокусот на вниманието кон потребата од поделба и групирање на работите во малиот и среден бизнис и кои модели на организирање на деловните процеси се користат во практиката.

Значајно внимание за координацијата, опфат на менаџментот и организацискиот дизајн во малиот и среден бизнис авторите посветиле во седмото поглавје.

Теоријата на управување со конфликтите во малиот бизнис, авторите го разработиле во осмото поглавје каде што се осврнуваат на основните начела на стекнување знаење и способност за справување со конфликти. Авторите укажуваат на фактот дека решавањето конфликти во малиот и среден бизнис нема траен и непроменлив карактер и природа, како варијабла, туку се менува согласно со условите и барањата на опкружувањето.

Проектирањето систем на мотивација во малиот и среден бизнис е содржано во деветтото поглавје од скриптата. Покрај образованието, мотивацијата и проектирањето систем на мотивација е исто така значајна моторна сила за остварување на добар бизнис.

Во десеттото поглавје авторите ја разработуваат проблематиката на менаџментот со човечки ресурси. Понатаму во поглавјето се опфатени методологии за екипирање во малиот и среден бизнис и важноста на управувањето со човечки ресурси во организацијата.

Прашањето на раководење на малиот и среден бизнис е содржано во единаесесеттото поглавје од скриптата. Во него се разработени раководни модели на менаџментот со вработените зависно од животниот век на малиот и среден бизнис.

Неопходноста од контролата во малиот бизнис е обработена во дванаесеттото поглавје. И во оваа поглавје се разработува нераскинливата врска помеѓу планирањето, организацијата и контролата на деловните процеси, како и поставување на стандарди. Значајно место е посветено на контролата како систем со повратна врска и примената на методите и техниките за бездефектно производство.

## ЗАКЛУЧОК

Оваа скрипта претставува уште еден обид на авторите да претставата научен материјал со висок квалитет, во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на менаџментот на мал и среден бизнис.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за скрипта по предметот „Менаџмент на мал и среден бизнис“ е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии. Според наши сознанија, ваква скрипта, која по обемот и содржината на оригинален начин разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот Менаџмент на мал и среден бизнис на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, не е објавена.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му ја препорачуваме скриптата „Менаџмент на мал и среден бизнис“ од авторите д-р Елизабета Митрева и м-р Оливер Филипоски да ја прифати како РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор,**
**Економски институт,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, с.р.**
**Д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор,**
**Економски институт,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.**